**Мрежата „ Прекуграничен Забавен Центар“ од септември започнува со понуда на кулинарни викенди**

31.07.2018 г.
Од почеток на септември до крај на Декември 2018 година десетте „туристички јазли“ на Мрежата „прекуграничен забавен Центар“ ќе нудат на своите гости специјални викенди со кулинарски искушенија. Во рамки на два дена, домаќините од Мрежата ќе ги запознаваат посетителите со конкретни локални продукти, начините на нивно користење/искористување, нивната историја (на продуктот) и значењето за локалната заедница. Гостите ќе имаат можност да ги пробат продуктите, да го набљудуваат подготвувањето на интересни локални рецепти со тие продукти, како и да научат самите да приготвуваат различни предизвикувачки стрвни рецепти со нивното учество.

Секоја од мини – дестинациите во пограничниот регион меѓу Р.Македонија и Р. Бугарија ќе претстави соспствен продукт, а гостите ќе можат да користат специјалните отстапки за време на посетата на секоја од следниве дестинации:

- Јазол Банско Р.Бугарија - Викенди на шумски плодови
- Јазол Струма Р. Бугарија – Викенди на Грозјето
- Јазол Благоевград Р.Бугарија – Викенди на Медот
- Јазол Гевгелија Р.Македонија – Викенди на Црниот Патлиџан
- Јазол Радовиш Р.Македонија - Викенди на Житото
- Јазол Ново Село Р.Македонија - Викенди на Кикириките
- Јазол Гоце Делчев Р.Бугарија - Викенди на Кромидот
- Јазол Струмица Р.Македонија - Викенди на Пиперките
- Јазол Петрич Р.Бугарија - Викенди на Костенот
- Јазол Дојран Р.Македонија - Викенди на Смоквите

Понудата на нови туристички понуди ќе биде преку платформата на „Прекуграничен забавен Центар“, која официјално ќе биде претставена на широката популација на крајот на месец август 2018 година.

*Оваа соопштение е подготвено со поддршка на Европската Унија во рамките на проектот “Прекуграничен забавен центар” ко-финансиран преку ИПА Програмата за прекугранична соработка Интеррег-ИПА Бугарија - Поранешна Југословенска Република Македонија”. За содржината на оваа соопштение одговорност носи единствено Еколошкото друштво Планетум - Струмица и во никој случај не може да ги одразува ставовите на Европската Унија.*

За повеќе информации:
Симана Марковска, Раководител на проектот за Бугарија
Пирински Туристички Форум
тел +359 887 912 950 ( и Wiber)
e-mail: pirin_tourism_forum@abv.bg
Skype: simanamarkovska

За повеќе информации:
Александар Лазаров, Координатор на проектот
Еколошко друштво Планетум
Тел. +389 70 374 679 (и Вајбер)
E-mail: aleksandar.lazarov@gmail.com
Skype: aleksandarl7



Проектът “Трансграничен център за забавления” с реф. № CB006.1.22.117 се съ-финансира от ЕС чрез Програмата за ТГС Интеррег-ИПП България – Бивша Югославска република Македония